**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 11
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** е-пошта
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да користи електронска пошта за комуникација
**Очекувани резултати:** Објаснува како се користи електронската пошта за комуникација
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, објаснува

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Како комуницирале луѓето во минатото? Како изгледа комуникацијата преку пошта? Какви недостатоци има комуницирањето преку обична пошта? Овие недостатоци се елиминирани со користењето електронска пошта (или е – пошта). На овој час ќе повториме за неа.
**Учечко – поучувачки активности:** Како што кажавме, проблемите во комуникација преку обична пошта се надминати со воведувањето на е-поштата, а пораката стигнува за две-три секунди.
Што означува буквата „е“ која се додава пред зборот „пошта“? Зборот „пошта“ означува класична пошта, додека зборот „е-пошта“ означува пошта по Интернет. Слично, ако зборот „банкарство“ означува купување и продавање со хартиени пари, зборот „е-банкарство“ означува купување и продавање по Интернет.
Исто како и веб – страните, и сметката на е-пошта има УНИКАТНА адреса. Адресата на е-пошта може да ја препознаете по тоа што го содржи знакот @ (кој се чита како „ет“ – „at“, што на англиски јазик значи „кај“, или со популарниот назив „мајмунче“, поради „опашката“ која ја обиколува буквата а). Ако на пример, дете кое се вика Александар Стојановски отворил е-сметка на gmail, адресата на таа сметка би можела да биде aleksandar.stojanovski@gmail.com, aleksandar.stojanovski се вика корисничко име, а gmail.com е име на сервисот за е-пошта. Забележете дека целосната адреса на е-поштата е напишана со мали букви.
КРЕИРАЊЕ НА СМЕТКА ЗА Е-ПОШТА
За креирање на сметка на е-пошта, во веб – прелистувачот се внесува Интернет адресата на сервисот за е-пошта, се кликнува на полето Create address, по што се внесува име и презиме, корисничко име, лозинка – во која НЕ Е ИСТО дали внесувате големи или мали букви и слично.
ОТВОРАЊЕ НА Е-ПОРАКИ
Е-пораката може ја отворат два типа програми:

1. Специјална програма, која се вика клиент за е-пошта;
2. Веб – прелистувач.

Услугата за прегледувањето на е-пошта со клиент најчесто се наплаќа, но прегледувањето на е-пошта со користење на веб – прелистувач е СЕКОГАШ бесплатно. Затоа, ќе отвораме е-пошта само со веб – прелистувач, но ќе знаеме дека постои и друг начин за прегледување е-пошта.
Е-пораката се отвора на тој начин што во веб – прелистувачот се внесува Интернет адресата на сервисот за е-пошта, по што се внесува корисничкото име и лозинката.
ИСПРАЌАЊЕ НА Е-ПОРАКИ
За да испратите некому порака по е–пошта, мора прво да се најавите на веќе креирана сопствената е-сметка (со внесување корисничко име и лозинка) и многу е важно да ја внесете адресата на е-поштата на оној кому ја праќате пораката. На е-пораката може да се „прикачи“ и датотека.
На LCD проектор демонстрирам:

- креирање на сметка за е-пошта,
- испраќање е-порака на еден примач,
- испраќање е-порака на повеќе примачи преку Интернет,
- испраќање разни датотеки преку е-порака.

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ за праќање е-порака

obrazovanie.literatura.mk

- Поделени во групи, ја објаснуваат структурата на адреса на е-пошта.
- Се најавуваат на сметка за е-пошта, која наставникот претходно ја има креирано и испраќаат е-порака на друга адреса. Го набљудуваат и објаснуваат изгледот на веб страната за праќање електронски пораки со следните папки:

  Inbox – сандаче за примени пораки,
  Sentmail – сандаче за копии на испратените пораки,
  Drafts – започнати, но недовршени пораки,
  Spam – сандаче со пораки од непознати,
  Trash – избришани пораки.

**Активности за евалуација:** Дискусија за резимирање на знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk